Republic of North Macedonia
Ministry of
Local Self Government

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

UNDP

# ПОКАНА

**За прва форумска сесија од Проектниот форум на заедницата во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2" во општина Зелениково**

Општина Зелениково со особена чест и задоволство Ве поканува на првата форумска сесија во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети - Фаза 2", која ќе се одржи на 25 ноември (понеделник), со почеток во 18.00 часот, во ООУ „Марко Цепенков".

Проектот се спроведува од страна на Програмата за развој на Обединетите нации – UNDP, со финансиска поддршка на Владата на Швајцарија и Министерството за локална самоуправа. Износот на проектниот грант е од 40.000 до 60.000 долари во зависност од големината на проектот и ко-финансирањето на општината.

Целта е да се даде придонес кон зајакнување на општинските совети кои активно ги вклучуваат граѓаните во донесувањето одлуки

Во рамките на предвидените форумски сесии граѓаните ќе дискутираат за **проблеми кои ги засегаат** и **ќе нудат решенија** од кои ќе произлезат проектни идеи/концепти за предлог проекти. Учесниците на форумот **ќе го изберат најприоритетниот/најприоритетните проекти** кои ќе бидат реализирани од проектниот фонд. На последната сесија, граѓаните ќе бидат информирани за реализацијата на избраниот/избраните проект/и и за препораките. Темата за која ќе се подготвуваат проекти ќе ја изберат граѓаните на првата форумска сесија.

**На првата форумска сесија учесниците ќе имаат можност да се запознаат со форумскиот процес, да дискутираат за приоритетните проблеми поврзани со избраната област и да предложат приоритетни решенија.**

Вашето присуство и активно учество ќе биде од особено значење и ќе придонесе за успешна реализација на форумскиот процес.

**Програмата „Зајакнување на општинските совети – фаза 2" ја финансираат Швајцарската влада и Министерството за локална самоуправа, а ја кофинансира и спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со национални и локални партнери.**

Прилог: Дневен ред

Со почит,

Општина Зелениково
Градоначалник
Коста Маневски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Општина Зелениково ГРАДОНАЧАЛНИК
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT Komuna e Zelenikovë KRYETAR

ГРАЃАНИТЕ НА ПРВО МЕСТО! QYTETARËT NË VEND TË PARË! CITIZENS COME FIRST!

EMPOWERING MUNICIPAL COUNCILS

Republic of North Macedonia
Ministry of Local Self Government

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

UN DP

## Прва форумска сесија во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети“ во општина Зелениково 25 ноември 2024 година, 18.00 часот, ООУ „Марко Цепенков“

### ДНЕВЕН РЕД

| | |
|---|---|
| 18:00-18:10 | Добредојде на присутните и вовед во програмата |
| 18:10-18:30 | Воведни обраќања ( градоначалник Коста Маневски и претседател на Совет Злате Димовски) |
| 18:30-18:45 | Презентација на Форумскиот процес (цели, активности, резултати) |
| 18:45-19:15 | Презентација и дискусија за форумските теми и избор на приоритетна тема |
| 19:15-19:25 | Усвојување на темата на форумот и утврдување на структура на форумот (распределување по работни маси) |
| 19:25 – 19:40 | Пауза |
| 19:40-19:50 | Утврдување на начела за работа |
| 19:50-20:20 | Идентификација и дефинирање на проблеми - групирање |
| 20:20-20:40 | Дискусија за предлог решенија, проектни идеи и препораки |
| 20:40-21:00 | Презентација на форматот за Концептот на предлог проект<br>Формирање на работна група за анализа во областа на темата на форумот и одредување термин за следна сесија |

Програмата „Зајакнување на општинските совети – фаза 2“ ја финансираат Швајцарската влада и Министерството за локална самоуправа, а ја кофинансира и спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со национални и локални партнери.